АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 24.11.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4276 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 ноември 2021 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 24 ноември 2021 година

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 25 август 2021 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-338 од 25 август 2021 година) на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (31.08.2021 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

## 7. Констатации од надзорот:

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, емитуван на 3 ноември 2021 година, на регионално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда на член 92 ставови 1 и 3** од **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

## 8. Опис на прекршувањето: /

## 9. Предлог мерка: /

***Сектор за програмски работи***